# HISTORICAL REVIEW OF THE DEVELOPMENT OF MEDICINE

**Dimitar Spaseski**
American University of Europe – FON Skopje, North Macedonia, spaseskidimitar@yahoo.com

**Abstract:** From a historical perspective, there is no doubt that the history of medicine is related to human existence, the understanding of the meaning of human health and later the health of animals, and the knowledge of disease as a key element for continuing a quality life. Probably, the question is often asked whether the process of the birth of medicine is a historical question or should the science of medicine only deal with it? No researcher should have any doubt that historical science should deal with this issue from an aspect that allows recording all the events in the knowledge of medicine and the historical periods in which it developed. The subject of historical science is the possibility to arrange all the facts chronologically and then to record them and make them available for new generations as well as for the needs of new research and progress of this science.
The definitive meaning of medicine is connected with its key task, which is treatment. From all the research that has been done on this topic, it is difficult to determine whether the healthy or the sick person is the greater object of interest of this science. However, all of us and the people who lived in the different eras of the development of humanity only felt the benefit of this science in moments of illness and a necessary need for it. That is why, throughout history, medicine has traditionally been considered a skill that is at the level of art and magic, and in prehistoric times and much later, people who had the capacity to heal sick people were treated to the rank of deities. Medicine often included religious elements and rituals with which, above all, the priests tried to exorcise the diseases that afflicted their people. As time passed, in addition to caring for people, medicine developed its own humane side and tried to find an answer for the diseases of animals and plants, developing special directions in its development.
We definitely understand modern medicine as part of an already established system of scientific knowledge whose main goal is the preservation of the health of healthy people, as well as the treatment and rehabilitation of sick and injured people. The focus of this science is always the human being, the awareness of his health and the creation of healthy lifestyle habits that will, first of all, enable prevention, not just treatment of people. Modern medicine even tries to direct the attention of other sciences in the direction of improving people's living conditions and improving the quality of life and preserving the environment as a prerequisite for reducing diseases, mortality and extending the life span of people.
**Keywords:** medicine, development, science, history, people

# ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ НА МЕДИЦИНАТА

**Димитар Спасески**
Американски универзитет на Европа – ФОН Скопје, РС Македонија, spaseskidimitar@yahoo.com

**Резиме:** Историски гледано нема дилема дека историјата на медицината е врзана со човековото постоење, разбирањето на значењето на здравјето на луѓето па подоцна и животните и спознавањето на болеста како клучен елемент за продолжување на квалитетниот живот. Веројатно често пати се поставува прашањето дали процесот на раѓање на медицината е историско прашање или само со тоа треба да се занимава науката за медицината? Кај ниеден истражувач не би требало да постои дилема дека сепак историската наука треба да се занимава со ова прашање од аспект што овозможува бележење на сите случување при спознавањето на медицината и историските периоди во кои таа се развивала. Предмет на историската наука е можноста хронолошки да ги подреди сите факти а потоа тие да бидат запишани и достапни за новите генерации како и за потребите за нови истражувања и напредок на оваа наука.
Дефинитивното значење на медицината се поврзува со нејзината клучна задача а тоа е лекувањето. Од сите истражувања кои се правени на оваа тема тешко е да се утврди дали здравиот или болниот човек е поголем предмет на интерес на оваа наука. Сепак сите ние а и луѓето кои живееле во различните епохи од развојот на човештвото korиста од оваа наука единствено ја чувствувале во моментите на болест и стрикна потреба од неа. Токму затоа медицината низ историјата добивала и традициолно била сметана за вештина која е на нивото на уметност и волшебство а во праисторијата и многу подоцна луѓето кои имале капацитет да лекуваат болни луѓе биле третирани на рангот на божества. Често пати медицината во себе вклучувала и религиозни елементи и ритуали со кои пред се свештениците се обидувале да ги истераат болестите кои го

имале зафатено нивниот народ. Како минувало времето покрај грижата за човекот медицината развивала своја хумана страна и се обидувала да најде одговор и за болестите на животните и растенијата развивајќи посебни правци и насоки во нејзиниот развој.
Модерната медицина дефинитивно ја подразбираме како дел веќе воспоставен систем од научни сознанија чија главна цел е зачувување на здравјето на здравите луѓе и лекување и рехабилитација на болните и повредените. Нејзиниот фокус е секогаш човекот, свесноста за неговото здравје и создавањето на здрави животни навики кои пред се ќе овозможат превенција а не лекување на луѓето. Модерната медицина дури се стреми да го насочи вниманието на другите науки во правец на подобрување на условите за живот на луѓето и подобрување на квалитетот на живот и зачувување на животната средина како некој предуслов за намалување на болестите, смртноста и продолжување на животниот век на луѓето.
**Клучни зборови:** медицина, развој, наука, историја, луѓе

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ: НАУКАТА ЗА МЕДИЦИНА

За медицината во никој случај не може да се зборува единствено како чиста наука, особено кога наш предизвик е да ја дефинираме современата медицина. Несомнено е дека медицината треба повеќе да се разгледува од аспект на квалитетна примена на стекнатите знаења и вештини пред се силно потпирајќи се на методот на исклучување кој е клучен за правилна дефиниција на состојбата на човекот, кој пак е предмет на анализа на медицината. Ако тесно го гледаме и анализираме поимот на науката за медицина веројатно би требало да го искористиме праисториското гледање на оваа наука а тоа е дека единствен нејзин предизвик е лечење на болниот или искоренување на определена болест која ги зафатила широките народни маси. Секако треба да го следиме поширокото значење на медицината и нејзината тесна поврзаност со останатите науки, научни сознанија и технолошки достигнувања. Тоа размислување би не однело во еден поширок контекст на значењето на медицината пред се нејзината превентивна улога и зголемување на свесноста на луѓето за сопственото здравје од една страна и подобрување на квалитетот на живот пред се со зачувување на животната средина и контрола на начинот на исхрана на населението секако во корелација со научните истражувања на другите науки кои во овој дел се неопходни, од друга страна. Иако лекарот го има централното место во науката за медицината тој е личноста која ги применува сите знаења и вештини и на некој начин го координира процесот сепак и неговите можности се ограничени и поврзани со останатите предуслови пред се поврзани со квалитетот на живот на личноста и општествено политичките случувања во општеството. Неможеме улогата на лекарот во современата медицина да ја гледаме како во праисторијата и да го поистоветуваме со божества или религии. Неспорен е фактот дека клучната дефиниција на медицината е дека таа е наука за оддржување на здравјето, дијагноза на болните како и третман на болести и повредени луѓе. Но современата медицина секако треба во дефиницијата да биде надоградена и со силната повзаност со природните науки, општетсвените појави, свесноста на поединецот за сопственото здравје како и силната посветеност на популацијата во создавањето на здрави животни навики и креирање на позитивна клима за нивна имплементација. Не треба никако од дефиницијата на медицината да се изостави и нејзиниот интерес за здравјето на сите живи суштества односно покрај човекот и за животните и растенијата.

## 2. МЕДИЦИНАТА ВО СТАРИОТ И СРЕДНИОТ ВЕК

За жал за медицината во праисторијата тешко е историската наука да обезбеди веродостојни археолошки докази со кои точно ќе се утврди нејзината форма и облик во тој период. Се верувало дека лекарот е бог и комуницира со боговите и има сила и моќ да го излечи племето од болестите кои го зафатиле. Клучна улога имало здравјето на племенскиот старешина за кого се сметало дека мора да остане имун на секоја болест бидејќи само така племето ќе опстои. Овие луѓе кои ги лечеле членовите на племето и тогаш имале важна улога и биле битна алка од тој систем. Не користеле литература ниту оставале пишани траги туку се претпоставува дека лекувањето го правеле со некодифицирано знаење најчесто базирано на традиција и религија. Тогашната медицина ако може така да се нарече за лекување користела лековити билки и некои натприродни ритуали за кои верувале дека ги отстрануваат злите духови и со тоа ја намалуваат можноста за појава на болести. Неспорна е нишката помеѓу тогашните зачетоци на медицината и денешната современа медицина. И денес симбол на медицината е стапчето на Аскелепиј, грчки бог на медицината испреплетено со змии. Од античка Месопотамија пак се појавуваат и првите археолошки докази во пишана форма за постоењето на правила во медицинската наука кога е дешифриран Кодексот на Хамураби, објавен од вавилонскиот крал во текот на 18 век п.н.е во кој јасно се прецизирани неколку закони кои се однесуваат на медицината и нејзината практика во секојдневието дури во дел од нив биле наведени точно утврдени казни за неуспех на лекувањето или утврдена лекарска грешка. Традиционалната кинеска медицина чии зачетоци се среќаваат уште во антиката исто така се смета за еден вид на патоказ во областа на медицината. Вреди да

се спомене и да се потенцира како значаен за медицината фактот што е докажан историски дека во стариот Египет се зачувувале тела на мртви луѓе во форма на мумии што секако довеле до подлабоко разбирање на анатомијата и подоцнежна можност за испитувања и докажување на болестите кои биле во тој период. Хипократ веројатно бил првиот антички лекар кој успеал да ги истражи причините за појавата на болеста. Според него болеста настанува како резултат на дисбаланс помеѓу природната рамнотежа и состојбата на телото од причина што природата секогаш тежнее да има стабилност во организмот. Нарушувањето на таа стабилност практично претставува основен причинител на болеста. Оваа теорија и подоцна наоѓа широка примена во медицинската фела што го прави Хипократ почитуван и ценет а хипократовата заклетва и денес претставува водилка за секој еден лекар кој почнува да се занимава со оваа професија.

Средниот век се идентификува со феудализмот кој претставува доминантен облик на производство во тој период. За средниот век карактеристично државно уредување претставува монархијата. Во монархијата доминантна е улогата на монархот (крал, цар) кој својата моќ ја добива од се помоќната институција-христијанска црква. Ако се следи тој правец секако здравјето на монархот е клучен аспект и на овој историски период. Меѓутоа многу е значајнио што во овој период особено е за истакнување фактот што за првпат особено во муслиманскиот свет се јавува првото организирано отворање на болници што е врвно достигнување во средниот век. Карактеристично е што услугите на болниците еднакво можеле да ги користат и богатитете и сиромашните без оглед на нивната религија. Во овие болници се водела и евиденција за секој пациент одделно, постоела медицинска документација што неспорно ни дава за право да кажеме дека институцијата болница за првпат е создадена во средниот век,

## 3. СОВРЕМЕНАТА МЕДИЦИНА

До појавата на периодот на индустриската револуција грижата за здравјето била лична работа на поединецот. Иако постоела веќе институцијата болница сепак дури по индустриската револуција може да се зборува за воспоставување на здравствена служба и организација на здравствена заштита во име на државата пред се за потребите на работниците кои морале да биде суштинска алка во производствениот процес. Ова е историскиот период кога покрај развојот на клиничката медицина почнува да се размислува и за превентивната медицина како клучен фактор во спречување на појава на определени болести и состојби на организмот. Освен организираниот пристап во лекување на болните преку болничкиот систем се прават обиди за помош на болните на најразлични начини пред се со користење на дополнителна и алтернативна медицина кои се базирани на разни традиции на лекување кои започнале да се практицираат многу одамна пред развојот на оваа современа медицина. Се употребува и народната медицина која во принцип е градена врз основа на народното искуство и кажување помешано со празноверие. Надрилекарството исто така се обидува се повеќе да ја задоволи желбата на човекот за подобро здравје. Сепак најголемиот дел од широките народни маси својата доверба ја положуваат на организираниот здравствен систем а овие гранки кои се појавуваат ги сметаат за нерелевантни а во некои држави дури овие ако може така да се наречат дополнителни медицински активности се и забранети и илегални.

Луѓето знаеле дека за медицината не може да постојат граници и неопходно е здружување на силите и надминување на меѓусебните разлики во останатите области а спојување во областа на медицината. Прв организиран облик на здружување е Здравствената организација формирана во рамки на Лигата на нациите. Подоцна оваа организација влегува под патронатот на ООН и на 07.04.1948 година е создадена Сведската здравствена организација со седиште во Женава што слободно може да се каже дека е најважниот еволутивен настан во историјата на медицината. Важноста на оваа институција за светското здравје е во процесот на истражување кој ги зближува светските научници и здравствени работници, ги поттикнува да разменуваат меѓусебни информации и сознанија што секако придонесуваат да се обезбеди квалитетен пристап во справување со болестите и превентивно делување. Имунизацијата исто така може да се спомне како важна историска епоха во развојот на медицината и притоа неспорен е нејзиниот придонес како главен чувар на светското здравје. Модерната медицина и нејзините успеси се тесно поврзани и со новите научни откритија во областа на технологијата и нејзиниот развој и напредок.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Главниот имепратив на медицината од праисторијата до денес без разлика во каков животен стадиум бил развитокот на човештвото е зачувување и унапредување на здравјето на луѓето, спречување на условите за настанување на болеста како и лекување на човекот во случај на болест и повреда. Процесот на еволуирање на медицината се движи во правец од комплетно внимание на болниот и подобрување на неговата состојба кон развој на превенцијата и подигање на свеста на поединецот за квалитетен начин на живот и внимание на себе и своето здравје. За правец во медицината слободно може да се смета и нејзиното насочување кон

животните и растенијата секако силно потпомогната од природните науки кои детално ги проучуваат овие живи организми. Оттука медицината во поширока смисла на зборот недвосмислено преминува во наука која се занимава со здравјето и благосостојбата на сите живи организими, без разлика во кој вид и форма е застапена.

**ЛИТЕРАТУРА**

Broadbent, A. (2019). Philosophy of medicine.
Catreright, C. A., & Armstrong, N. A. (2020). History of the medicines we take.
Castro Dassen, N. H., & Gonzales Sanches, A. C. (1966). Código de Hammurabi.
Duffin. J. (2021). History of medicine.
Neustaedter, R. (2002). The Vaccine Guide: Risks and Benefits for children.
Novick, F. L, Morrow, C., & Mays, P. G. (2008). Public health administration.
Parker, S. (2019). A short history of medicine.
Rosenau-Last, M. (2010). Public & Health Preventive medicine.
Sindhu, S. (2020). History of Medicine.
Swarts, H. M. (2010). Physical Diagnosis – history and examination.
https://www.enciklopedija.hr/clanak/hipokrat, 2024
https://www.who.int, 2024